**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ**

# ПРАВИЛНИК

за изменување на Правилникот за систематизација на работни меставо Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на РМ

Број 01- 654/1
21. 11. 2016 година
Скопје

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработени во јавен сектор (Службен весник на РМ бр.27/14 и 199/14), и врз основа на членот 14 од Законот за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 59/12, 156/10, 187/13 и 41/2014), Директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на РМ донесе:

# ПРАВИЛНИК
## за изменување на Правилникот за систематизација на работни места во Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на РМ

### Член 1

Со овој правилник се врши изменување на Правилникот за систематизација на работни места во Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот со број. 01- 381/2 од 11. 05. 2015 година.

### Член 2

Член 5 се менува и гласи:

“Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 47 работни места на административни службеници, распоредени по организациски едници согласно Правилникот за внатрешна организација на работните места на Агенцијата за промоција и поддршка на туризам од кои се пополнети 34 работни места распоредени на следниов начин:

| Ниво | Систематизирани работни места | Пополнети работни места |
|---|---|---|
| Б02 | 2 | 1 |
| Б04 | 8 | 1 |
| В01 | 2 | 1 |
| В03 | 3 | / |
| В04 | 29 | 28 |
| Г01 | 1 | 1 |
| Г04 | 2 | 2 |

### Член 3

Во точка III. Опис на работни места во Агенција за промоција и поддршка на туризам на Република Македонија , потточка 1.1 Одделение за промоција, маркетинг и меѓународна соработка работните места со реден број 3 и 11 се бришат.

Работните места од 4 до 42 стануваат од 3 до 40.

Член 4

Во точка III. Опис на работни места во Агенција за промоција и поддршка на туризам на Република Македонија, потточка 1.2 Одделение за анализа, истражување и стратешко планирање, работно место со реден број 16 се брише.

Работните места од 17 до 40 стануваат од 16 до 39.

Член 5

Во точка III. Опис на работни места во Агенција за промоција и поддршка на туризам на Република Македонија, потточка 2.2 Одделение за проекти и поддршка на туризмот – Струга, работно место со реден број 24 се брише.

Работните места од 25 до 39 стануваат од 24 до 38.

Член 6

Во Табеларниот преглед на работните места во Агенција за промоција и поддршка на туризам на Република Македонија работните места со реден број 3, 11, 16 и 24 се бришат.

Член 7

Овој правилник влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. 01-654/1
21.11.2016 година

Директор
Лела Крстевска